**ЗАПИСНИК**
**од дваесет и втората седница на Совет на општина Гевгелија**
**одржана на 29.01.2019 година**

На дваесет и втората седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 17 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Сашо Поцков-Градоначалник на општина Гевгелија, ,Лилјана Кичукова вработена во општината, Ирена Томчева вработена во општината, Димитар Апостолов вработен во општината, Цветко Нелоски директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија ,Бобан Хусеиновски директор на НУ "Музеј"-Гевгелија, Драги Попов директор, Златко Зумров директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, Сашо Поцков градоначалник на општина Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет Ташко Дојчинов ја отвори дваесет и втората седница на Совет на општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од дваесет и првата седница одржана на **26.12.2018.**

Претседателот го стави на гласање записникот од дваесет и првата седница и **Советот едногласно го усвои .**

За работа на дваесет и втората седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Решение за верификација на мандат на новиот член на Советот на општина Гевгелија, Лазар Мешков,
2.Предлог-Решение за верификација на мандат на новиот член на Советот на општина Гевгелија, Александра Караманова,
3.Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проектот: "Изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на ул. "Александар Бел" во станбена населба "Мрзенски рид"- Гевгелија",
4.Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проектот: "Изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на улиците "Галилео Галилеј", "Апостол Петков" и "Павел Шатев" во станбена населба Караорман-Гевгелија",

5.Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проектот: "Изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на краци од 1-8 во станбена населба Касарна-Гевгелија",

6.Предлог-Одлука за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување во општина Гевгелија за 2019 година

7.Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година,

8.Предлог-Одлука за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 7 (7.1, 7.2, 7.3, 7.4 и 7.5),

9.Предлог-Одлука за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за дел од блок 1 (1.2) и дел од блок 2 (2.1 и 2.2),

10.Предлог-Одлука за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 14.4, 14.5, 15.1 и 15.2.,

11.Предлог-Одлука за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 12 (12.1, 12.2, 12.3, 12.4 и 12.5),

12.Предлог-Заклучок по Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во општина Гевгелија за 2018 година,

13.Предлог-Информација за дивите депонии на подрачјето на општина Гевгелија, и начинот на третирање на отпадот,

14.Предлог-Заклучок по Извештајот за реализацијата на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2018 година,

15.Предлог-Заклучок за отпочнување на постапка за формирање на Локален совет за јавно здравје,

16.Предлог-Заклучок за отпочнување на постапка за изработка на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести,

17.Предлог Заклучок за отпочнување на постапка за изработка Локален акционен план за животна средина,

18.Предлог-План за запишување на ученици во I (прва) година средно образование во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2019/2020 година,

19.Предлог-Информација од НУ "Музеј"-Гевгелија за состојбата со заштитата на археолошкото богатство на подрачјето на општина Гевгелија,

20.Предлог-Информација од ЈП "Македонски шуми" - подружница ШС "Кожув"-Гевгелија за состојбата со шумскиот фонд, пошумувањето и експлоатацијата на шумите во општина Гевгелија,

21.Предлог-Информација од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Гевгелија за состојбата со социјалната заштита на населението во општина Гевгелија,

22.Предлог-Решение за разрешување на член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија (Борис Миленковски),

23.Предлог-Решение за именување на член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија (на местото на Борис Миленковски),

24.Предлог-Решение за разрешување на член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија (Благоја Пакетов),

25.Предлог-Решение за именување на член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија (на местото на Благоја Пакетов),

26.Предлог-Решение за давање согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2019 година,
27.Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпадни води на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија за 2018 година, под бр.02-1073/5 од 16.07.2018 година
28.Предлог-Информација од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за хортикултурното уредување во општина Гевгелија.
29.Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година,
30.Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во општина Гевгелија за 2019 година,
31.Предлог-Заклучок по обновата на Иницијативата за определување на локација – маркица во урбанистичките планови за изградба на Дом за стари лица.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред :

**-Виктор Кралев член на Совет** предложи точката под реден број 6 "Предлог-Одлука за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување во општина Гевгелија за 2019 година" да се симне од дневен ред.

**Сашо Поцков градоначалник на општната** даде образложение дека законска обврска на општината е да го разгледува планот за вработување до крајот на месец Јануари и токму поради овие причини е ставена оваа точка на дневен ред.

**-Виктор Кралев член на Совет** го повлече дадениот предлог за повлекување на точката од дневен ред.

**-Андон Сарамандов член на Совет** предлага овој предлог на советникот Виктор Кралев точката под реден број 6 да биде симнета од дневен ред да биде ставен на гласање како предлог од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави овој предлог на гласање и Советот со 9 гласа "за " и 8 "против" " го усвои и точката под реден број 6 се симна од дневен ред.

**Зоран Лазаровски член на Совет** побара на наредната седница да биде ставена на дневен ред и точка Советнички прашања.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави дневниот ред на гласање и **Советот со 17 гласа "за" го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** предложи точките под реден број 1 и 2 да се разгледуваат заеднички а да се гласа поединечно и **Советот едногласно го усвои овој предлог.**

**Точка 1. Предлог-Решение за верификација на мандат на новиот член на Советот на општина Гевгелија, Лазар Мешков.**

Претседателот отвори претрес по точките 1 и 2 .

Во претресот по овие точки учествуваа: **Ристо Камов член на Совет**

Верификацијата на мандатот на членовите на Советот се врши на предлог на Комисија за прашања на верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија.

Според член 42 од Статутот на општината ,Комисијата ги разгледува оргиналите на издадените уверенија од Општинската изборна комисија за избор на членови на Советот,врши соодветна идентификација ,ги разгледува приговорите во врска со предлозите за верификација и му доставува на Советот предлог за верификација на мандатите на членовите на Советот.

Според член 8 од Деловникот на Советот на општина Гевгелија ,Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот му поднесува извештај со предлог на кои членовите на Советот треба да им се верификуваат мандатите ,а на кои треба да се одложи верификацијата на мандатите.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за верификација на мандат на новиот член на Советот на општина Гевгелија Лазар Мешков и **Советот со 17 гласа "за " го усвои.**

**Точка 2. Предлог-Решение за верификација на мандат на новиот член на Советот на општина Гевгелија, Александра Караманова.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за верификација на мандат на новиот член на Советот на општина Гевгелија Александра Караманова и **Советот со 17 гласа "за " го усвои.**

Согласно член 38 од Законот за локална самоуправа и член 22 од Статутот на општина Гевгелија беа дадени и потпишени свечени изјави од страна на новоизбраните советници.

**Тодор Ристов член на Совет** –најпрвин им честиташе на новоизбраните советници и предложи точките под реден број 3,4 и 5 да се разгледуваат заедно а да се гласаат поединечно и **Советот едногласно го усвои.**

**Ристо Камов член на Совет** предложи точките под реден број 28 и 29 да се разгледуваат заедно а да се разгледуваат пред точките 3,4 и 5 и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 3. Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по точките 3 и 4.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 18 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 4. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во општина Гевгелија за 2019 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 17 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 5. Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проектот: "Изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на ул. "Александар Бел" во станбена населба "Мрзенски рид"- Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по точките 3,4 и 5.

Во претресот по овие точки учествуваа:**Магдалена Делковска,Трајко Арџанлиев,Ристо Камов,Андон Сарамандов,Тодор Ристов,Томе Кичуков,Тихомир Ручкоманов членови на Совет, Сашо Поцков градоначалник на општина Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување на приоритет на проектот: "Изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на ул. "Александар Бел" во станбена населба "Мрзенски рид"- Гевгелија и **Советот со 16 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 6. Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проектот: "Изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на улиците "Галилео Галилеј", "Апостол Петков" и "Павел Шатев" во станбена населба Караорман-Гевгелија".**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување на приоритет на проектот: "Изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на улиците "Галилео Галилеј", "Апостол Петков" и "Павел Шатев" во станбена населба Караорман-Гевгелија" и **Советот со 17 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 7. Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проектот: "Изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на краци од 1-8 во станбена населба Касарна-Гевгелија".**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување на приоритет на проектот: "Изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на краци од 1-8 во станбена населба Касарна-Гевгелија" и **Советот со 17 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 8. Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ирена Томчева вработена во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 17 гласа "за " ја усвои.**

**Тодор Ристов член на Совет** предлага точките под реден број 9,10,11 и 12 да се разгледуваат заеднички а да се гласаат поединечно

**Точка 9. Предлог-Одлука за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 7 (7.1, 7.2, 7.3, 7.4 и 7.5).**

Претседателот отвори претрес по точките 9,10,11 и 12.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ирена Томчева вработена во општината,Ристо Ѓоргиев ,Томе Кичуков членови на Совет.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 7 (7.1, 7.2, 7.3, 7.4 и 7.5) и **Советот со 17 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 10. Предлог-Одлука за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за дел од блок 1 (1.2) и дел од блок 2 (2.1 и 2.2).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за дел од блок 1 (1.2) и дел од блок 2 (2.1 и 2.2).

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за дел од блок 1 (1.2) и дел од блок 2 (2.1 и 2.2) и **Советот со 17 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 11. Предлог-Одлука за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 14.4, 14.5, 15.1 и 15.2.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 14.4, 14.5, 15.1 и 15.2 и **Советот со 17 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 12. Предлог-Одлука за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 12 (12.1, 12.2, 12.3, 12.4 и 12.5).**

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 12 (12.1, 12.2, 12.3, 12.4 и 12.5) и **Советот со 17 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 13. Предлог-Заклучок по Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во општина Гевгелија за 2018 година.**

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот по Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 17 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 14. Предлог-Информација за дивите депонии на подрачјето на општина Гевгелија, и начинот на третирање на отпадот.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Информацијата за дивите депонии на подрачјето на општина Гевгелија, и начинот на третирање на отпадот.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Димитар Апостолов вработен во општината ,Андон Сарамандов ,Зоран Лазаровски,Магдалена Делковска,Марија Магдинчева Шопова,Ристо Ѓоргиев,Игор Илков ,Тодор Ристов членови на Совет.**

По завршувањето на расправата по оваа точка советот донесе заклучок да се задолжи  Оделението за комунални дејности во соработка со ЈПКД Комуналец да изработи предлог-програма или предлог-мерки за надминување на овие комунални проблеми и да ги достави до советот на  усвојување.

**Точка 15. Предлог-Заклучок по Извештајот за реализацијата на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Заклучок по Извештајот за реализацијата на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2018 година.

Претседателот  на Советот  го стави на гласање Предлог-Заклучокот по Извештајот за реализацијата на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 16 гласа "за " го  усвои.**

**Магдалена Делковска член на Совет**  предложи точките под реден број 16,17 и 18    да се разгледуваат заеднички а да се гласа поединечно и **Советот едногласно го усвои овој предлог.**

**Точка 16. Предлог-Заклучок за отпочнување на постапка за формирање на Локален совет за јавно здравје.**

Во претресот  по  овие точки  учествуваа: **Томе Кичуков,Ангелинка Петкова,Марија Магдинчева Шопова ,Магдалена Делковска,Андон Сарамандов ,Тодор Ристов  членови  на Совет.**

Претседателот  на Советот  го стави на гласање Предлог-Заклучокот за отпочнување на постапка за формирање на Локален совет за јавно здравје и **Советот со 16 гласа "за "  го  усвои.**

**Точка 17. Предлог-Заклучок за отпочнување на постапка за изработка на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести.**

Претседателот  на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот за отпочнување на постапка за изработка на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести и **Советот со 16 гласа "за " го  усвои.**

**Точка 18. Предлог Заклучок за отпочнување на постапка за изработка Локален акционен план за животна средина.**

Претседателот  на Советот   го стави на гласање  Предлог Заклучокот за отпочнување на постапка за изработка Локален акционен план за животна средина и **Советот со 16 гласа "за "  го  усвои.**

**Точка 19. Предлог-План за запишување на ученици во I (прва) година средно образование во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2019/2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Планот за запишување на ученици во I (прва) година средно образование во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2019/2020 година

Во претресот  по  оваа точка  учествуваа: **Цветко Нелоски директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија**

Претседателот  на Советот  го стави на гласање Предлог-Планот за запишување на ученици во I (прва) година средно образование во СОУ "Јосиф

Јосифовски"-Гевгелија за 2019/2020 година и **Советот со 16 гласа "за " го усвои.**

**Точка 20. Предлог-Информација од НУ "Музеј"-Гевгелија за состојбата со заштитата на археолошкото богатство на подрачјето на општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Информацијата од НУ "Музеј"-Гевгелија за состојбата со заштитата на археолошкото богатство на подрачјето на општина Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Бобан Хусеиновски директор на НУ "Музеј"-Гевгелија,Зоран Лазаровски ,Магдалена Делковска,Ристо Камов,Андон Сарамандов,Тодор Ристов членови на Совет.**

**Точка 21. Предлог-Информација од ЈП "Македонски шуми" - подружница ШС "Кожув"-Гевгелија за состојбата со шумскиот фонд, пошумувањето и експлоатацијата на шумите во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Информацијата од ЈП "Македонски шуми" - подружница ШС "Кожув"-Гевгелија за состојбата со шумскиот фонд, пошумувањето и експлоатацијата на шумите во општина Гевгелија

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Драги Попов директор на ЈП "Македонски шуми" - подружница ШС "Кожув"-Гевгелија , Томе Кичуков ,Виктор Кралев ,Ристо Камов,Тихомир Ручкоманов,Тодор Ристов,Ристо Ѓоргиев ,Игор Илков ,Магдалена Делковска членови на Совет.**

**Точка 22. Предлог-Информација од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Гевгелија за состојбата со социјалната заштита на населението во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Информацијата од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Гевгелија за состојбата со социјалната заштита на населението во општина Гевгелија

**Точка 23. Предлог-Решение за разрешување на член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија (Борис Миленковски).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за разрешување на член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија (Борис Миленковски).

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Тодор Ристов член на Совет.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување на член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија (Борис Миленковски), и **Советот со 13 гласа "за " го усвои и од член се разрешува лецето Борис Миленковски.**

**Точка 24. Предлог-Решение за именување на член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија (на местото на Борис Миленковски).**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за именување на член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија (на местото на Борис Миленковски),и **Советот со 9 гласа "за " ,2 против, 1 воздржан и 1 не гласал го усвои и за член се именува лицето Горан Николов.**

**Точка 25. Предлог-Решение за разрешување на член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија (Благоја Пакетов).**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување на член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија (Благоја Пакетов) и **Советот со 13 гласа "за " го усвои и од член се разрешува лицето Благој Пакетов.**

**Точка 26. Предлог-Решение за именување на член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија (на местото на Благоја Пакетов).**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за именување на член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија (на местото на Благоја Пакетов), и **Советот со 9 гласа "за ",2 против,1 воздржан и 1 не гласал го усвои и за член се именува лицето Силвана Несторова.**

**Точка 27. Предлог-Решение за давање согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2019 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Златко Зумров директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија ,Андон Сарамандов,Магдалена Делковска,Тодор Ристов,Ристо Камов членови на Совет.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2019 година и **Советот со 11 гласа "за " ,4 против и 2 не гласале ја усвои.**

**Точка 28. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпадни води на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија за 2018 година, под бр.02-1073/5 од 16.07.2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Репението за давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпадни води на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2018 година, под бр.02-1073/5 од 16.07.2018 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Златко Зумров директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија ,Зоран Лазаровски ,Томе Кичуков ,Тодор Ристов ,Ристо Камов,Марија Магдинчева Шопова членови на Совет.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Репението за давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпадни води на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија за 2018 година, под бр.02-1073/5 од 16.07.2018 година и **Советот со 13 гласа "за " ,2 воздржани и 2 не гласале ја усвои.**

**Точка 29. Предлог-Информација од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за хортикултурното уредување во општина Гевгелија**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Информацијата од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за хортикултурното уредување во општина Гевгелија

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Златко Зумров директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија , Игор Илков ,Магдалена Делковска ,Томе Кичуков ,Тодор Ристов ,Ристо Камов членови на Совет.**

**Точка 30. Предлог-Заклучок по обновата на Иницијативата за определување на локација – маркица во урбанистичките планови за изградба на Дом за стари лица.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Заклучокот по обновата на Иницијативата за определување на локација – маркица во урбанистичките планови за изградба на Дом за стари лица

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ангелинка Петкова ,Магдалена Делковска членови на Совет.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот по обновата на Иницијативата за определување на локација – маркица во урбанистичките планови за изградба на Дом за стари лица и **Советот со 16 гласа "за " го усвои.**

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори дваесет и втората седница на Советот на општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Ташко Дојчинов**